# Службен весник на Република Македонија

**Број 167** **14 ноември 2014, петок** **година LXX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 5197. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа ........... | **2** |
| 5198. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за акцизите ................. | **4** |
| 5199. | **Одлука** за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2015 година ............................ | **7** |
| 5200. | **Одлука** за изменување на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари од Министерството за одбрана на Министерството за финансии – Царинска управа ........................................... | **8** |
| 5201. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за продажба на стан ........... | **8** |
| 5202. | **Одлука** за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија .......... | **8** |
| 5203. | **Одлука** за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје....... | **9** |
| 5204. | **Решение** за разрешување и именување членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Македонија.......................................... | **9** |
| 5205. | **Решение** за разрешување од должноста заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности .................................................. | **10** |
| 5206. | **Решение** за именување в.д. директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија .................. | **10** |
| 5207. | **Решение** за именување заменик на директорот на Државниот завод за статистика............................................ | **10** |
| 5208. | **Програма** за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници за периодот од 2015-2018 година............ | **10** |
| 5209. | **Правилник** за начинот на бодирање на првиот (теоретски дел) и на вториот (практичен пример) на стручниот испит за издавање и обновување на лиценца за работа на стручен работник во установа за социјална заштита .................................. | **11** |
| | **Огласен дел**..................................... | **1-52** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**5197.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 ноември 2014 година.

Бр. 07-4269/1
12 ноември 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Член 1

Во Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12 и 43/14), членот 7 се менува и гласи:

„(1) Директорот ја претставува Царинската управа.

(2) Директорот одлучува за правата од работен однос на вработените.

(3) Директорот е надлежен за започнување на постапка за откривање на случаи на несоодветно однесување или прекршување на должностите од страна на вработените во Царинската управа и за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.

(4) Директорот е надлежен за донесување акти во првостепена управна постапка и оперативни инструкции во писмена форма од сите области на царинското и акцизното работење.

(5) Директорот може во писмена форма да пренесе одделни негови надлежности на царински службеници од категории Б и В согласно со закон."

Член 2

Во членот 8-а став (1) во алинејата 4 сврзникот „и" се заменува со запирка а по зборовите: „ водител на смена" се додаваат зборовите: „и водач на смена".

Во ставот (2) точка 1) алинејата 2 се менува и гласи:

„За нивоата Б3 и Б4 ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, освен за нивото Б4 за работното место водач на смена ниво на квалификации најмалку више или средно ".

Во точка 2) во алинејата 1 зборот „шест" се заменува со зборот „четири", а по зборовите: „царински работи" се додаваат зборовите: „или во струката ".

Во алинејата 2 зборот „пет" се заменува со зборот „три", а по зборовите: „царински работи" се додаваат зборовите: „или во струката".

Во алинејата 3 зборот „четири" се заменува со зборот „три", по зборовите: „царински работи" се додаваат зборовите: „или во струката".

Во алинејата 4 зборот „четири" се заменува со зборот „две", а по зборовите: „царински работи;" се додаваат зборовите: „или во струката. ".

Во ставот (3) зборот „административниот" се заменува со зборот „царинскиот".

Член 3

Во членот 8-б, став (1) во алинејата 1 по зборовите: „виш цариник контролор," се додаваат зборовите: „систем инженер, ".

Во алинејата 2 зборовите: „систем инженер" се бришат.

Во алинејата 3 по зборовите: „советник и" се додаваат зборовите: „систем инженер администратор и".

Во ставот (2) во точка 1) алинејата 3 се менува и гласи:

„за нивото В4 ниво на квалификации е најмалку више или средно образование освен за работно место виш цариник ниво на квалификација VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен".

Во точка 2) во алинејата 1 по зборовите: „царински работи" се додаваат зборовите: „или во струката".

Во алинејата 2 по зборовите: „царински работи" се додаваат зборовите: „или во струката".

Во алинејата 3 по зборовите: „царински работи" се додаваат зборовите: „или во струката".

Алинејата 4 се менува и гласи:

„за ниво В4 без работно искуство ".

Во ставот (3) зборот „административниот" се заменува со зборот „царинскиот".

Член 4

Во членот 8-в став (2) точката 1) се менува и гласи:

„стручни квалификации за сите нивоа: најмалку више или средно образование“.

Член 5

Во членот 51 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Директорот е должен да ја донесе одлуката за избор за вработување.“

Член 6

Во членот 55-г, точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите “или со правосилна судска пресуда е осуден за кривично дело во врска со службена должност. “

Член 7

По членот 55-г се додава нов член 55-д кој гласи:

„Член 55-д

Решенијата од членовите 55, 55-а, 55-б, 55-в и 55-г, ги донесува директорот.“

Член 8

Во членот 56 во ставот (1) втората реченица се менува и гласи: „По истекот на тој период, царинскиот службеник продолжува со работа на работно место кое одговара на неговата стручна подготовка и работно искуство во Царинската управа, освен во случај ако му е изречен престанок на работен однос со отказ во согласност со одредбите од членовите 55, 55-а, 55-б, 55-в и 55-г на овој закон “.

Член 9

По членот 65 се додава нов член 65-а кој гласи:

„Член 65-а

Решенијата за распоредување и унапредување, ги донесува директорот.“

Член 10

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за Царинската управа.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14), освен одредбата од членот 6 од овој закон, која ќе отпочне да се применува со денот на влегувањето во сила на овој закон.

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR DREJTORINË DOGANORE

Neni 1

Në Ligjin për Drejtorinë Doganore ("Gazeta Zyrtare" numër 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12 dhe 43/14), neni 7 ndryshohet si vijon:

"(1) Drejtori e përfaqëson Drejtorinë Doganore.

(2) Drejtori vendos për të drejtat nga marrëdhënia e punës e të punësuarve.

(3) Drejtori është kompetent për fillimin e procedurës për zbulimin e rasteve të sjelljes joadekuate ose shkeljes së obligimeve nga të punësuarit në Drejtorinë Doganore dhe për ngritjen e procedurës për përcaktimin e përgjegjësisë disiplinore.

(4) Drejtori është kompetent për miratimin e akteve në procedurën administrative të shkallës së parë dhe instruksione operative në formë të shkruar nga të gjitha sferat e punës doganore dhe të akcizave.

(5) Drejtori me shkrim mund t‘u bartë kompetenca të tij të caktuara nëpunësve doganorë nga kategoritë B dhe V në pajtim me ligjin."

Neni 2

Në nenin 8-a paragrafi (1) në alinenë 4 lidhëza "dhe" zëvendësohet me presje ndërsa pas fjalëve: " udhëheqës i turnit" shtohen fjalët: “dhe udhëheqës i turnit”.

Në paragrafin (2) pika 1) alineja 2 ndryshohet si vijon:

"Për nivelet B3 dhe B4 nivele të kualifikimeve VI A sipas Kornizës Maqedonase të Kualifikimeve dhe së paku 240 kredi të fituara sipas SETK ose shkallën VII/1 të kryer, përveç për nivelin B4 për vendin e punës udhëheqës i turnit niveli i kualifikimit së paku i lartë ose i mesëm ".

Në pikën 2) në alinenë 1 fjala “gjashtë” zëvendësohet me fjalën “katër”, ndërsa pas fjalëve: “punë doganore” shtohen fjalët “ose në profesion”.

Në alinenë 2 fjala "pesë" zëvendësohet me fjalën "tre" e pas fjalëve: “punë doganore ” shtohen fjalët: “ose në profesion".

Në alinenë 3 fjala "katër" zëvendësohet me fjalën "tre", pas fjalëve: "punë doganore" shtohen fjalët: "ose në profesion".

Në alinenë 4 fjala "katër" zëvendësohet me fjalën "dy", e pas fjalëve “punë doganore” shtohen fjalët: “ose në profesion. “.

Në paragrafin (3) fjala "administrativ" zëvendësohet me fjalën "doganor".

Neni 3

Në nenin 8-b paragrafi (1) në alinenë 1 pas fjalëve: "kontrollor doganor i lartë" shtohen fjalët: " inxhinier sistemi, ".

Në alinenë 2 fjalët " inxhinier sistemi" shlyhen.

Në alinenë 3 pas fjalëve: "këshilltar dhe" shtohen fjalët: "inxhinier sistemi administrator dhe".

Në paragrafin (2) në pikën 1) alineja 3 ndryshohet si vijon:

"- për nivelin B4 niveli i kualifikimeve është së paku arsimi i lartë ose i mesëm përveç për vendin e punës doganier i lartë niveli i kualifikimit IV B sipas Kornizës Maqedonase të Kualifikimeve dhe së paku 180 kredi të fituara sipas SETK ose shkallën VII/1 të kryer".

Në pikën 2) në alinenë 1 pas fjalëve: "punë doganore" shtohen fjalët: "ose në profesion".

Në alinenë 2 pas fjalëve: "punë doganore" shtohen fjalët: "ose në profesion".

Në alinenë 3 pas fjalëve: "punë doganore" shtohen fjalët: "ose në profesion".

Alineja 4 ndryshohet si vijon:

"- për nivelin B4 pa përvojë pune".

Në paragrafin (3) fjala "administrativ" zëvendësohet me fjalën "doganor".

Neni 4

Në nenin 8-v paragrafi (2) pika 1) ndryshohet si vijon:

"kualifikime profesionale për të gjitha nivelet: së paku arsimi i lartë ose i mesëm."

Neni 5

Në nenin 51 pas paragrafit (3) shtohet paragrafi i ri (4) si vijon:

"(4) Drejtori është i detyruar ta miratojë vendimin për zgjedhje për punësim."

Neni 6

Në nenin 55-g, pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: "ose me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor është i dënuar për vepër penale në lidhje me detyrën zyrtare."

Neni 7

Pas nenit 55-g shtohet nen i ri 55-d si vijon:

"Neni 55-d

Aktvendimet nga nenet 55, 55-a, 55-b, 55-v dhe 55-g, i miraton drejtori."

Neni 8

Në nenin 56 në paragrafin (1) fjalia e dytë ndryshohet si vijon: "Pas kalimit të kësaj periudhe, nëpunësi doganor vazhdon me punë në vendin e punës që i përgjigjet përgatitjes së tij profesionale dhe përvojës së punës në Drejtorinë Doganore, përveç në rastin nëse i është shqiptuar ndërprerja e marrëdhënies së punës me largim nga puna në pajtim me dispozitat e neneve 55, 55-a, 55-b, 55-v dhe 55-g të këtij ligji".

Neni 9

Pas nenit 65 shtohet nen i ri 65-a si vijon:

"Neni 65-a

Aktvendimet për sistemim dhe avancim, i miraton drejtori."

Neni 10

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë që të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për Drejtorinë Doganore.

Neni 11

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të fillojë të zbatohet në ditën e fillimit të zbatimit të Ligjit për nëpunës administrativë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 27/14), përveç dispozitës nga neni 6 i këtij ligji, që do të fillojë të zbatohet në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

---

**5198.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 ноември 2014 година.

Бр. 07-4274/1
12 ноември 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ**

Член 1

Во Закон за акцизите („Службен весник на Република Македонија" број 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10, 24/11, 55/11, 135/11, 82/13, 98/13 и 43/14) во членот 27 став (1) по точката 6) се додава нова точка 7), која гласи:

„7) производите од тарифните подброеви 2713 11 00 00 и 2713 12 00 00."

Точките 7, 8), 9), 10), 11) и 12) стануваат точки 8), 9), 10), 11), 12) и 13).

Член 2

Во членот 28 став (1) во точка 3) подточка 3.2. износот „4,876“ се заменува со износот „4,900".

По точката 5) се додава нова точка 6), која гласи:

„6) Нафтен кокс од тарифните ознаки 2713 11 00 00 и 2713 12 00 00 = 84,6 ден/GJ (гигаџул)."

Во ставот (4) се додава нова реченица која гласи: „Рокот за поднесување на барањето е 12 месеци од денот на набавката или увозот на течниот нафтен гас."

Член 3

Во членот 30 став (1) по зборовите: „керозинот од тарифната ознака“ се додаваат зборовите: „2710 19 21 00 и".

Ставот (2) се менува и гласи:

„Минералните масла кои се увезуваат на акцизната територија мора да ги содржат материите за обележување во количини пропишани со прописот од ставот 4 на овој член. Увозникот е должен да достави потврда од странски даночен или царински орган, односно од производителот или овластен обележувач, дека истото е обележано надвор од акцизната територија и дека ги содржи материите за обележување во количини што се пропишани врз основа на овој закон. Ако потврдата не се поднесе или ако таа не е соодветен доказ, се смета дека минералното масло не е обележано.“

Член 4

Во членот 31- а по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Лицето кое врши дејност трговија на мало со минерални масла кои содржат материи за обележување потребно е да води евиденција на купувачите по даночен број за правните лица и единствен матичен број на граѓанинот и адреса на живеење за физичките лица кои купуваат количини над 20 литри."

Во ставот (4) кој станува став (5), по зборот „масла“ се додаваат зборовите: "како и формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата од ставот (4) на овој член.“

Член 5

Во членот 61-а став (1) точката 10) се менува и гласи:

„не ги обележи гасните масла и керозинот со пропишаната боја и/ или други состојки, користи необележано минерално масло ИЛИ складирањето не го врши на пропишаниот начин (член 30 ставови (1), (2) и (3));“

Ставот (3) се менува и гласи:

„При повторување на прекршоците од став (1) точки 11), 13) и 14) на овој член од сторителот на прекршокот ќе се одземе моторното возило кое користи минерални масла кои содржат материи за обележување согласно со овој закон."

По ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Моторното возило се одзема и кога не е сопственост на сторителот на прекршокот.

(5) Примената на одредбите на овој став не влијае на правата на трети лица за надомест на причинетата штета од сторителот на прекршокот.“

По ставот (4) кој станува став (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) При сторување на прекршок од ставот (1) точка 10) на овој член а во врска со член 30 став (2) од овој закон, Царинската управа на сторителот на прекршокот ќе му наложи враќање на акцизното добро во странство.“

Член 6

Во членот 61-в во ставот (1) износот "1.500" се заменува со износот "4.000".

Член 7

По членот 61-в се додаваат два нови члена 61- г и 61- д кои гласат:

„Член 61-г

(1) За водење на прекршочна постапка и изрекување на прекршочна санкција за сторени прекршоци од овој Закон, надлежен е Царинскиот прекршочен орган.

(2) Прекршочна постапка за сторени прекршоци од овој Закон не може да се поведе ако поминале повеќе од пет години од денот на извршување на прекршокот.

(3) Застареноста се прекинува со секое дејствие на надлежниот орган што се презема заради гонење на сторителот на прекршокот. Со секое прекинување на рокот застареноста почнува одново да тече, но прекршочната постапка не може да се поведе ниту натаму да се води по истекот на десет години од денот кога е сторен прекршокот.

Член 61- д

(1) Изречената глоба не може да се изврши ако од денот на правосилноста поминале повеќе од две години. Застарувањето на изречената глоба почнува да тече од денот кога одлуката за прекршок станала правосилна.

(2) Застарувањето не тече за време за кое извршувањето не може да се превземе според закон.

(3) Застарувањето се прекинува со секое дејствие на прекршочниот орган што го превзема заради извршување на глобата. По секој прекин застарувањето почнува повторно да тече. Застареноста на извршување на глобата настапува во секој случај кога ќе измине двапати онолку време според кое се бара застареност на извршувањето.

(4) Во случаи на плаќање на глоба на рати застареноста почнува да тече од последната рата, а во случај на одлагање на плаќањето по истекот на периодот за кој било одложено плаќањето."

Член 8

Започнатите постапки за враќање на акциза за употребен течен нафтен гас во процес на производството до денот на влегување во сила на овој закон ќе се завршат согласно Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија" број 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10, 24/11, 55/11, 135/11, 82/13, 98/13 и 43/14).

Член 9

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за акцизите.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR AKCIZA**

Neni 1

Në Ligjin për akciza ("Gazeta Zyrtare e Republika e Maqedonisë" numër 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10, 24/11, 55/11, 135/11, 82/13, 98/13 dhe 43/14) në nenin 27 paragrafi (1) pas pikës 6) shtohet pika e re 7) si vijon:

"7) prodhimet me nënnumrat tariforë 2713 11 00 00 dhe 2713 12 00 00."

Pikat 7), 8), 9), 10), 11) dhe 12) bëhen pika 8), 9), 10), 11), 12) dhe 13).

Neni 2

Në nenin 28 paragrafi (1) në pikën 3) nënpika 3.2. shuma "4,876" zëvendësohet me shumën "4,900".

Pas pikës 5) shtohet pika e re 6) si vijon:

"6) Koks i naftës nga shenjat tarifore 2713 11 00 00 dhe 2713 12 00 00 = 84,6 den/GJ (gigaxhul)."

Në paragrafin (4) shtohet fjali e re si vijon: "Afati për dorëzimin e kërkesës është 12 muaj nga dita e furnizimit ose importit të gazit të lëngët të naftës."

Neni 3

Në nenin 30 në paragrafin (1) pas fjalëve: "kerozin nga shenja tarifore" shtohen fjalët: "2710 19 21 00 dhe".

Paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Vajrat minerale të cilat importohen në territorin e akcizës detyrimisht duhet t'i përmbajnë materiet për shënimin e sasive të përcaktuara me dispozitën e paragrafit 4 të këtij neni. Importuesi është i obliguar të dorëzojë vërtetim nga organi i huaj tatimor ose doganor, përkatësisht nga prodhuesi ose shënuesi i autorizuar, se e njëjta është e shënuar jashtë nga territori i akcizës dhe se i përmban materiet për shënimin e sasive që janë përcaktuar në bazë të këtij ligji. Nëse vërtetimi nuk dorëzohet ose nëse ai nuk është dëshmi përkatëse, llogaritet se vaji mineral nuk është i shënuar."

Neni 4

Në nenin 31-a pas paragrafit (3) shtohet paragraf i ri (4) si vijon:

"(4) Personi i cili kryen veprimtari tregti me pakicë me vajra minerale të cilat përmbajnë materie për shënim, nevojitet të mbajë evidencë të blerësve me numrin tatimor për persona juridikë dhe numrin unik amë të qytetarit dhe adresën e banimit për persona fizikë të cilët blejnë sasi mbi 10 litra."

Në paragrafin (4) i cili bëhet paragraf (5), pas fjalës "vajra" shtohen fjalët: "si dhe forma, përmbajtja dhe mënyra e udhëheqjes së evidencës nga paragrafi (4) të këtij neni."

Neni 5

Në nenin 61-a paragrafi (1) pika 10) ndryshohet si vijon:

"nuk i shënon vajrat e gazit dhe kerozinin me ngjyrën e përcaktuar dhe/ose përbërësit tjerë, shfrytëzon vaj të pashënuar mineral ose depozitimin nuk e kryen në mënyrën e përcaktuar (neni 30 paragrafët (1), (2) dhe (3));".

Paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

"Gjatë përsëritjes së kundërvajtjeve nga paragrafi (1) pikat 11), 13) dhe 14) të këtij neni, nga kryerësi i kundërvajtjes do të merret automjeti që shfrytëzon vajra minerale të cilat përmbajnë materie për shënim në pajtim me këtë ligj."

Pas paragrafit (3) shtohen dy paragrafë të rinj (4) dhe (5) si vijojnë.

"(4) Automjeti merret edhe kur nuk është në pronësi të kryerësit të kundërvajtjes.

(5) Zbatimi i dispozitave të këtij paragrafi nuk ndikon në të drejtat e personave të tretë për kompensim të dëmit të shkaktuar nga kryerësi i kundërvajtjes."

Pas paragrafit (4) që bëhet paragraf (6) shtohet paragrafi i ri (7), si vijon:

"(7) Gjatë kryerjes së kundërvajtjes nga paragrafi (1) pika 10) të këtij neni lidhur nenin 30 paragrafi (2) të këtij Ligji, Drejtoria Doganore do t'i urdhërojë kryerësit të kundërvajtjes që ta kthejë të mirën e akcizës jashtë vendit."

Neni 6

Në nenin 61-v në paragrafin (1) shuma "1 500" zëvendësohet me shumën "4 000".

Neni 7

Pas nenit 61-v shtohen dy nene të reja 61-g dhe 61- d si vijojnë:

"Neni 61-g

(1) Për udhëheqjen e procedurës kundërvajtëse dhe shqiptimin e sanksionit për kundërvajtje të kryera sipas këtij Ligji, kompetent është organi kundërvajtës doganor.

(2) Procedura kundërvajtëse për kundërvajtje të kryera sipas këtij Ligji nuk mund të ngrihet nëse kanë kaluar më shumë se pesë vite nga dita e kryerjes së kundërvajtjes.

(3) Parashkrimi ndërpritet me çdo veprim të organit kompetent që ndërmerret për ndjekjen e kryerësit të kundërvajtjes. Me çdo ndërprerje të afatit parashkrimi fillon sërish të rrjedhë, por procedura kundërvajtëse nuk mund të ngrihet e as të udhëhiqet më tutje pas kalimit të dhjetë viteve nga dita kur është kryer kundërvajtja.

Neni 61-d

(1) Gjoba e shqiptuar nuk mund të zbatohet nëse nga dita e plotfuqishmërisë kanë kaluar më shumë se dy vite. Parashkrimi i gjobës së shqiptuar fillon të rrjedhë nga dita kur vendimi për kundërvajtje është bërë i plotfuqishëm.

(2) Parashkrimi nuk rrjedh gjatë kohës për të cilën zbatimi nuk mund të ndërmerret sipas ligjit.

(3) Parashkrimi ndërpritet me çdo veprim të organit kundërvajtës që e ndërmerr për shkak të realizimit të gjobës. Pas çdo ndërprerje parashkrimi fillon sërish të rrjedhë. Parashkrimi i zbatimit të gjobës fillon në çdo rast kur do të kalojë dyfishi i kohës sipas së cilës kërkohet parashkrimi i zbatimit.

(4) Në rast të pagesës së gjobës në këste parashkrimi fillon të rrjedhë nga kësti i fundit, e në rast të prolongimit të pagesës pas kalimit të periudhës për të cilën është prolonguar pagesa."

Neni 8

Procedurat e filluara për kthimin e akcizës për gazin e përdorur të lëngët të naftës në procesin e prodhimit deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji do të kryhen në pajtim me Ligjin për akciza ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10, 24/11, 55/11, 135/11, 82/13, 98/13 dhe 43/14).

Neni 9

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë që ta përcaktojë tekstin e spastruar të Ligjit për akciza.

Neni 10

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**5199.**

Врз основа на член 34, став 3 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“, број 16/2011, 136/2011, 79/2013, 164/2013 и 41/2014), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 ноември 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНТОТ НА ЗАФАЌАЊЕ ОД ВКУПНИОТ ГОДИШЕН ПРИХОД НА НОСИТЕЛИТЕ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2015 ГОДИНА**

1. Се утврдува процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2015 година да изнесува 0,049% од вкупниот приход остварен во 2014 година на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности, според податоците од Централниот регистар на Република Македонија.

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 07-4270/1 | Претседател |
| 12 ноември 2014 година | на Собранието на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | **Трајко Вељаноски,** с.р. |

---

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**5200.**

Врз основа на член 20 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012, 137/2013, 188/2013 и 27/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 11.11.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ – ЦАРИНСКА УПРАВА**

Член 1

Во Одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари од Министерството за одбрана на Министерството за финансии - Царинска управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/09), во членот 1 зборовите „катастарска парцела број 135/2 со вкупна површина од 136.444 м2“, се заменуваат со зборовите „катастарска парцела бр.1733/1 со вкупна површина од 15.574 м2“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-7774/1 | Заменик на претседателот |
| 11 ноември 2014 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

**5201.**

Врз основа на член 99 став (9) од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“, бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 11.11.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА СТАН**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за продажба на стан бр.02-13256/2 од 6.11.2014 година, донесена од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-9095/1 | Заменик на претседателот |
| 11 ноември 2014 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

---

**5202.**

Врз основа на член 8 став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр, 55/2013, 41/2014 и 115/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11.11.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД ПРЕМЕРОТ ВО ФУНКЦИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТИ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија, и тоа премер на објекти наменети за просторно сместување на Уставниот суд на Република Македонија, НУ Археолошки музеј на Македонија - Скопје и Државниот архив на Република Македонија и на подземните гаражи под

објектот наменет за просторно сместување на Уставниот суд на Република Македонија, изградени во Скопје на ул.„Кеј Димитар Влахов" бб, на следните катастарски парцели:

- КП број 13829/2, КО Центар 1 Скопје,
- КП број 13829/11, КО Центар 1 Скопје и
- КП број 13829/3, КО Центар 1 Скопје.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.42-9121/1
11 ноември 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**5203.**

Врз основа на член 15 став ( 5 ) и член 71 став ( 2 ) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/2011, 53/2011, 144/2012 25/2013, 137/2013 и 163/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 11.11.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ДАВАЊЕ ПОД ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПАТ НА НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА НА ЕВН ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА, АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште и за склучување договор за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, со непосредна спогодба на правното лице ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје, со седиште во Скопје, ул.„11 Октомври“ бр.9, за изградба на објект од јавен интерес- поставување на трафостаница ТС, согласно Изводот од Деталниот урбанистички план бр.523 за дел од нас. „СЕЊАК“ дел од УЕ35,донесен со Одлука бр.07-3742/1 од 15.05.2014 година урбанистички план кое претставува

- дел од КП бр.3068/1 во КО Штип 3, со површина од 48 м2, евидентирани во Имотен лист бр.100767.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-9153/1
11 ноември 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**5204.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013 и 139/2014) и член 4 од Одлуката за основање на Национална комисија за УНЕСКО на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 11 ноември 2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА НАЦИОНАЛНАТА КОМИСИЈА ЗА УНЕСКО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Од должноста членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Македонија, се разрешуваат:

- м-р Панче Кралев,
- Абдилаќим Адеми,
- Паско Кузман,
- Перо Јосифовски,
- м-р Зоран Павлов.

2. За членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Македонија се именуваат:

- м-р Абдилаќим Адеми, министер за образование и наука,
- Нурхан Изаири, министер за животна средина и просторно планирање,
- д-р Виктор Лилчиќ, директор на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура,
- Мирјана Нинчовска, в.д. директор на Национална установа Музеј на Македонија – Скопје,
- д-р Лазар Шуманов, претседател на Македонскиот национален комитет на ИКОМОС.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-9811/2 | Претседател на Владата |
| 11 ноември 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

**5205.**

Врз основа на член 12 став 2 и член 14 став 1 алинеја 8 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/2013, 41/2014 и 115/2014), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 11 ноември 2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

1. Јакуп Фетаи се разрешува од должноста заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, на негово барање.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-9870/2 | Претседател на Владата |
| 11 ноември 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

**5206.**

Врз основа на член 91 став 3 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/2010, 88/2010, 51/2011, 11/2012, 80/2012, 114/2012, 39/2014, 44/2014 и 113/2014), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 11 ноември 2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За вршител на должноста директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија се именува Влатко Поповски, досегашен директор на Агенцијата.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-9871/1 | Претседател на Владата |
| 11 ноември 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

**5207.**

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/97, 21/2007, 51/2011, 104/2013 и 42/2014), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 11 ноември 2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА**

1. За заменик на директорот на Државниот завод за статистика се именува Дејан Станков.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-9872/1 | Претседател на Владата |
| 11 ноември 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

**5208.**

Врз основа на член 38-а став 3 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/2012, 80/2012, 155/2012 и 42/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 11.11.2014 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ПРЕВОЗНИЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2015-2018 ГОДИНА**

1. Со оваа програма се определуваат средствата потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници заради побрз развој на цивилното воздухопловство и формирање на поконкурентни и подостапни цени во воздушниот сообраќај за периодот од 21 јуни 2015 година до 21 јуни 2018 година.

2. Финансиската поддршка од точка 1 на оваа програма се доделува согласно намените утврдени во член 38-а од Законот за воздухопловство.

3. Определувањето на финансиската поддршка од точка 1 на оваа програма се врши на начин и според критериуми утврдени согласно прописот од член 38-а став (4) од Законот за воздухопловство.

4. Средствата од точка 1 на оваа програма за 2015 година се обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2015 година, раздел 130.01 – Министерство за транспорт и врски, потпрограма 20 – Сообраќај и комуникации, ставка 464 – разни трансфери, во износ од педесет милиони (50.000.000,00) денари.

5. Проектираните средства од точка 1 на оваа програма за 2016 година во износ од сто и четири милиони и двеста и десет илјади (104.210.000,00) денари ќе се обезбедат во Буџетот на Република Македонија за 2016 година.

Проектираните средства од точка 1 на оваа програма за 2017 година во износ од сто и четири милиони и двеста и десет илјади (104.210.000,00) денари ќе се обезбедат во Буџетот на Република Македонија за 2017 година.

Проектираните средства од точка 1 на оваа програма за 2018 година во износ од педесет и четири милиони и двеста и десет илјади (54.210.000,00) денари ќе се обезбедат во Буџетот на Република Македонија за 2018 година.

6. За спроведувањето оваа програма ќе се грижи Министерството за транспорт и врски.

7. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 21 јуни 2015 година.

Бр. 42-9568/1
11 ноември 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**5209.**

Врз основа на член 131-з став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14 и 116/14), министерот за труд и социјална политика, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ НА БОДИРАЊЕ НА ПРВИОТ (ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ) И НА ВТОРИОТ (ПРАКТИЧЕН ПРИМЕР) НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ИЗДАВАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА НА СТРУЧЕН РАБОТНИК ВО УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на бодирање на првиот (теоретски дел) и на вториот (практичен пример) на стручниот испит за издавање и обновување на лиценца за работа на стручен работник во установа за социјална заштита.

Член 2

Првиот дел од стручниот испит за проверка на теоретското знаење на кандидатите (теоретскиот дел) содржи вкупно 30 прашања од областа на социјалната заштита.

Одговорот на прашањето се бодира на следниов начин:

- точната опција со 2 бода,
- сличните опции со 1 бод,
- неточната опција во мал обем со - 0,5 бода, и
- неточната опција во голем обем со – 1 бод.

Теоретскиот дел од стручниот испит е положен со освоени најмалку 42 бода.

Член 3

Вториот дел од стручниот испит се полага по успешното полагање на теоретскиот дел на испитот, а се состои од одговарање на прашања од практичен пример за примена на стручното знаење на две студии на случај.

За секоја од студиите на случај, кандидатот одговара на пет прашања, при што одговорот се бодира на следниов начин:

- точната опција со 2 бода,
- сличните опции со 1 бод,
- различните опции со 0 бодови.

Практичниот дел од стручниот испит, е положен со освоени најмалку 14 бодови.

Член 4

Стручниот испит е положен со освојување на потребните бодови од теоретскиот и практичниот дел на испитот од членот 2 став 3 и членот 3 став 4 од овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-9393/1
11 ноември 2014 година
Скопје

Министер,
**Диме Спасов**, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2014 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2014167